# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 16 | Среда, 14 декември 2005 год. |
| --- | --- |


Содржина


**СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА :** стр.

**Одлука** за доделување на Годишна општинска награда и признание за 2005 година …………………………………………….. 244

**Одлука** за определување име на спомен обележјето изградено во чест на починатиот претседател на Република Македонија Борис Трајковски ……………………………………………………….. 246


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за доделување на Годишна општинска награда и признание за 2005 година

Се објавува Одлуката за доделување на Годишна општинска награда и признание за

2005 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 10.12.2005 год.

Број 08-4604/2 Градоначалник
12.12.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………..

Врз основа на член 21 став 1 точка 41 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03) Советот на општина Струмица на седницата одржана на 10.12.2005 година, донесе

## О д л у к а
## за доделување на Годишна општинска награда и признание за 2005 година

### I

Како општествено признание за вонредно значајни остварувања од посебен интерес на Општина Струмица, се доделува **ОПШТИНСКА ГОДИШНА НАГРАДА ВО СПОМЕН ПЛАКЕТА И ПАРИЧЕН ИЗНОС ОД 10.000,оо ДЕНАРИ НА:**

**1. МИТКО ТОШЕВ,** академски сликар од Струмица **ЗА ОСОБЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ОБЛАСТА НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ**

Овој наш сограѓанин и во изминатите години преку своето творештво придонел за афирмација на Општина Струмица на државно и меѓународно ниво. Тековната година одмина во знакот на неговите остварени особено значајни резултати. Впрочем, во тековната година, овој еминентен уметник којшто е единствен на овие простори кој ја практикува техниката портрет на златен медал го изработи ликот на Мајка Тереза во позлатена бронза, за чиј квалитет доволно говори податокот дека истиот се наоѓа на исклучително видно место во резиденцијата на папата Бенедикт XVI во Ватикан. За ова дело, во знак на признание, во МАНУ му беше врачено Посланието статуетка на Мајка Тереза од страна на министерот за образование на Република Македонија. Освен тоа, во знак на благодарност за признавање на нашата татковина под уставното име, Митко Тошев, во истата техника го изработи и портретот на претседателот на САД – Џорџ Буш

**2. МИРЈАНА КУЈУМЏИЕВА**, професор во ДСУ "Јане Сандански" – Струмица за особени резултати **ВО ОБЛАСТА НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС**

Покрај извршувањето на редовните работни задачи, професор Кујумџиева зема активно учество и работи на вонаставни и вонучилишни активности, односно работи со ученици кои имаат посебен афинитет кон физиката, проширувајќи и продлабочувајќи го нивното знаење преку ангажирање во секции и решавање на задачи и изведување на експерименти. Под нејзино менторство, нејзини ученици секоја година земаат учество на општински, регионални, републички и државни натпревари во решавање на задачи по физика, како и на движењето "Наука на младите" и "Млади истражувачи", организирани од Народна техника на Македонија. Суштествен факт е дека нејзините ученици на овие натпревари редовно постигнуваат одлични резултати и ги добиваат водечките или некои од водечките места и највисоки награди и признанија.

**3. АЦЕ СТОЈАНОВ,** професор по историја од с. Дабиле – Струмичко, **ЗА ОСОБЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ОБЛАСТА НА ПУБЛИЦИСТИКАТА**

Паралелно со успешното одвивање на постдипломските студии на Институтот за национална историја во Скопје, во текот на 2005 година, Аце Стојанов, како потпретседател на Здружението на граѓани "Аквила авреа Македоника (Златен орел на Македонија), беше водечки иницијатор и главен носител на подготовките, изготвувањето и публикувањето на книгата "Струмица – туристички водич", при што се јави како главен и одговорен уредник.

II

**ОПШТИНСКА ГОДИШНА НАГРАДА И ПРИЗНАНИЕ ВО СПОМЕН ПЛАКЕТА И ВРЕДНОСЕН ПРЕДМЕТ СЕ ДОДЕЛУВА НА:**

**1. М-р ВАСИЛ ГЛИГОРОВ**, фитопатолог, универзитетски професор од Струмица, **ЗА ОСОБЕНО ЗНАЧАЈНИ НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКИ РЕЗУЛТАТИ ВО ЗЕМЈОДЕЛИЕТО**

Универзитетскиот професор м-р Васил Глигоров, во моментов директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Струмица, освен множеството научни трудови и скрипти од областа на фитопатологијата и ентомологијата, а за потребите на високото образование, тековната година ја одбележи со уште еден особено значаен научно истражувачки успех. Имено, постигнатиот завиден успех во 2004 година, а со авторството на новата призната сорта краставици во заштитен простор, годинава м-р Глигоров го збогати со авторизирање на уште една сорта краставица во заштитен простор.

**2. Д-р ВАНЧО ЖАН КОЛЕВ**, професор на Педагошкиот факултет во Штип ЗА **ОСОБЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО НАУЧНО – ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ.**

Професор д-р Ванчо Жан Колев, музички педагог, универзитетски професор, истовремено со просветната и воспитно – образовната дејност, во тековната година ефектуира особено значајни резултати во истражувачката и научно – образовната дејност, објавувајќи ги книгите “Ајде да пееме”, “Солфежи” и “Историски преглед на музичката уметност”, кои според содржината и суштината, ќе најдат примена како учебни помагала не само во нашата земја туку и ширум светот.

**3. КОСТАДИН КАЈДАМОВ**, новинар и публицист од Валандово **ЗА ОСОБЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ОБЛАСТА НА ПУБЛИЦИСТИКАТА**

Како новинар и публицист Костадин Кајдамов е од поодамна присутен во Струмица и Струмичко. Особено последниве години, овој автор пројави осетна творечка активност од која резултираа мноштво книги меѓу кои за овој крај се особено значајни “Илинденски настани во Струмичко издадена во 2003 година и “Имињата на населбите во Струмичко” (2005).

**4. М-р ДРАГАН ТУМАНОВСКИ**, судија на Врховен суд на Република Македонија **ЗА ОСОБЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО АФИРМАЦИЈАТА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ВО И НАДВОР ОД ЗЕМЈАТА**

Широкиот спектар на професионални активности, учество на конференции, ангажираност во изработка на повеќе закони од областа на судството, потоа во водењето на експертизите пред Советот на Европа, раководењето со експертскиот тим за склучување на меѓународни договори со Словенија, Хрватска, Грција, Бугарија и Романија, повеќекратниот студиски престој и учество на конференции во САД, како и множеството објавени трудови, беа импозантните патишта преку кои овој наш сограѓанин придонесе за афирмација, не само на Општина Струмица туку и на Република Македонија во меѓународни рамки.

III

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето,.а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-4604/1 Совет на општина Струмица
10.12. 2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Службен гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за определување име на спомен обележјето изградено во чест на починатиот претседател на Република Македонија Борис Трајковски

1. Се објавува Одлуката за определување име на спомен обележјето изградено во чест на починатиот претседател на Република Македонија Борис Трајковски , донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 11.12.2005 год.

Број 08-4574/2 Градоначалник
12.12.2005 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на свечената седница одржана на 11.12.2005 година, донесе

**О д л у к а**
**за определување име на спомен обележјето изградено во чест на починатиот претседател на Република Македонија Борис Трајковски**

Член 1

Спомен обележјето поставено во градскиот парк во Струмица, а изградено во чест на починатиот претседател на Република Македонија Борис Трајковски го носи името “Македонија”.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица.

Број 07-4574/1 Совет на општина Струмица
12.12.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………